# Општи начела на НРК

1. **Интеграција**

Создава дел од системот за развој на човечки ресурси кој овозможува создавање на унифициран пристап до образование и обука.

2. **Значајност**

Одговара за развој на националните потреби.

3. **Веродостојност**

Поседува меѓународна и државна вредност и прифатливост.

4. **Доследност**

Работи во рамките на доследна рамка на принципи и сертифицираност.

5. **Флексибилност**

Овозможува повеќе патишта кои водат до истите цели на учење.

6. **Стандарди**

Изразува описи на национално прифатлива рамка и меѓународно прифатливи исходи.

7. **Легитимност**

Обезбедува учество на сите национални чинители во процесот на планирање и координација на стандардите и квалификациите.

8. **Пристап**

Обезбедува полесен пристап до соодветни нивоа на образование и обука за сите оние кои учат на начин којшто поддржува напредок.

9. **Напредување**

Осигурува дека рамката на квалификации дозволува лицата да се движат низ нивоата на национални квалификации преку различни видови учење и обука.

## 10. Преносливост

Овозможува на оние кои учат да пренесуваат кредити за квалификации од една институција за учење и/или работодавач во друга/друг.

## 11. Признавање на претходно учење

Овозможува стекнување кредити за претходно учење преку процес на оценување.

## 12. Насочување

Обезбедува советување на оние кои учат преку посебно обучени лица кои ги исполнуваат меѓународните стандарди за наставници и обучувачи.

# ПРОЦЕДУРА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИИ

Скопје 2015 год.

Развивањето на квалификации преставува сложен процес кој минува низ неколку фази додека истите не се одобрат. Тоа се однесува и за развивање на новите квалификации, и за унапредување на постојните квалификации, со нивно изменување или надополнување.

- **Фаза 1: Основа за развивање на квалификација**

Основа за развивање на квалификација се потребите на пазарот на труд кои се поврзани со релевантните потреби на вештини.

Квалификација се развива врз основа на усвоени стандарди на занимања.

***Стандардот на занимање*** опфаќа: име и код на стандардот на занимање, ниво на сложеност, стручни компетенции, опис на стандардот на занимањето (група на работа, типични (клучни) работи, знаења и вештини).

Група на работи вклучува анализа, планирање и организирање на работата, подготовка на работата и работното место, оперативни работи, административни работи, комерцијални работи, обезбедување и осигурување на квалитетот, одржување и поправка, комуникација, заштита на работата, здравјето и околината.

Стандардот на занимање го изготвува работна група, формирана од страна на Центарот за стручно образование и обука, а се усвојува од Министерството за труд и социјална политика, по предходно мислење на Министерството за образование и наука.

Работната група за изготвување на стандарди се состои од 7 члена и тоа: 3 претставници на фирми од соодветното занимање, 2 претставници од стручните училишта, 1 претставник од Центарот за образование на возрасни и 1 претставник од Центарот за стручно образование и обука како координатор .

Стандардите на занимања се изготвуваат врз основа на Методологија за стандарди на занимања.

- **Фаза 2: Поднесување на иницијатива за развивање на квалификација**

Иницијативата за развивање на квалификација треба да содржи образложение за развој на новата квалификација, потребата на пазарот на труд, назив на квалификацијата, ниво, односно подниво на квалификацијата и препорака на код кој упатува кон ISCO (кога ќе биде соодветно), опис на квалификацијата и временски рок кога ќе почне да се спроведува квалификацијата.

Иницијатива за развивање на квалификации можат да поднесат:

1. Секторските комисии;
2. Институции/правни лица или работодавач;

3. Високообразовни установи и
4. Други тела (професионални тела, сидикати, меѓународни образовни институции)

Иницијативата за развивање на квалификација во случај на Т.2, Т.3 и Т.4 се поднесува до Министерството за образование и наука (Одделение за НРК), кое е одговорно за развивање на критериуми и на репери за организациите што можат да поднесат квалификации.

Министерството за образование и наука (Одделение за НРК) ја разгледува иницијативата и одредува на кој сектор припаѓа квалификацијата. Иницијативата со предлогот во писмена форма ја препраќа до соодветната Секторска комисија.

- **Фаза 3: Постапување по поднесената иницијатива**

Иницијативата поднесена од институции, правни лица или работодавачи, од високообразовна установа или други тела, ја разгледува соодветната Секторска комисија, врз основа на одредени критериуми согласно Законот за Националната рамка за квалификации, и истата може да ја прифати, да ја отфрли или да бара нејзино надополнување.

Во случај поднесената иницијатива да се одбие, Секторската комисија, по писмен пат, го известува подносителот на иницијативата за причините зошто ја одбива иницијативата за развивање на нова квалификација.

Во случај да ја бара нејзино надополнување, Секторската комисија по писмен пат го известува подносителот на иницијативата со барање за дополнување на квалификацијата и во кој сегмент.

Во случај да ја прифати иницијативата, Секторската комисија го известува подносителот на иницијативата.

Во случај на спор одлучува Националниот Одбор за МРК.

- **Фаза 4: Развој на квалификации**

Подносителот на иницијативата, врз основа на позитивното мислење од Секторската комисија, поднесува барање до Центарот за стручно образование и обука за развивање на квалификација.

Квалификацијата се изготвува од страна на работна група формирана од Центарот за стручно образование и обука. Работната група се состои од 6 члена и тоа: 2 претставници од работодавачите, 2 претставници од училиштата, 1 претставник од Центарот за образование на возрзсни и 1 претставник од Центарот за стручно образование како координатор.

Структурата и содржината на квалификација ја изразува ***Стандардот на квалификација***, кој согласно член 6 од Законот за националната рамка на квалификации, се состои од:

1. ***Назив на квалификацијата*** - точен и целосен назив на квалификацијата;
2. ***Тип на квалификацијата*** - квалификација на ниво на образование или стручна квалификација;
3. ***Ниво на квалификации***, односно подниво на квалификацијата;
4. ***Код на квалификацијата***
5. ***Опис на содржината на квалификацијата*** - краток опис на стандардот на кој се заснова квалификацијата (стандард на занимања, образовен стандард), детали за образовната програма/ единици на квалификации, информација за усвојување на образовната програма или информација од други извори;
6. ***Број на задолжителни и изборни предмети***
7. ***Опис на резултатите од учење*** - краток опис на знаењата, вештините и компетенциите. При описите на резултатите од учење се користат активни глаголи од Блумовата таксономија;
8. ***Кредитна вредност на квалификацијата***
9. ***Начин и критериуми на оценување*** - како ќе се врши оценувањето
10. ***Кој ќе го врши оценувањето***
11. ***Услови за упис (влез)*** – условите се прецизирани во Законите од областа на образованието (Закон за основно, Закон за средно, Закон за високо, Закон за стручно образование и обука, Закон за образование на возрасни), а може да се внесе и предусловот за квалификација (пр. завршено ниво 2);
12. ***Институција каде се стекнува квалификацијата*** - стручно училиште, организација, верифицирана институција за образование;
13. ***Вид на јавен документ*** *(диплома, уверение);*
14. ***Институција која го издава јавниот документ***
15. ***Статус на институција која го издава јавниот документ*** (јавна, приватна, комора, НВО).

На развојот на резултатите од учење ќе влијаат работите и активностите од одреден стандард на занимање или на група занимања и вештини потребни за нивно постигнување.

По развивањето на квалификација, ЦСОО, преку Одделението за НРК во МОН, развиената квалификација ја доставува до Секторска комисија на разгледување.

- **Фаза 5: Одобрување на квалификацијата**

Секторската комисија по разгледувањето на квалификацијата, истата може да ја прифати или да ја врати на доработка во Центарот за стручно образование и обука.

Квалификацијата се смета за прифатена ако за неа се изјасниле мнозинство од вкупниот број на членови на Секторската комисија и се изготвува стручно мислење за истата.

Прифатената квалификација и стручното мислење, Секторската комисија ја доставува до Националниот одбор за МРК за одобрување на квалификацијата.

Националниот одбор за МРК, врз основа на образложението на предлагачот и стручното мислење на Секторската комисија, ја одобрува квалификацијата и донесува одлука за распоредување на квалификацијата во Македонската рамка на квалификации;

Одобрената квалификација од Националниот одбор се запишува во Регистарот на Македонската рамка на квалификации. На одобрената квалификација ѝ се доделува код кој се состои од _____ цифри, според типот, нивото, обемот, секторот на квалификацијата и институцијата во која се стекнува квалификацијата кој има ______ознаки. За сектор (___ ознаки), подсектор (___ ознака), област (_____ ознака), подобласт (____ознака), тип (___ознака) и ниво на квалификации (____ ознака).

- **Фаза 6: Реакредитација на квалификацијата**

Важноста на една квалификација изнесува 4 години. По истекот на 4 години се прави реакредитација на истата. Постапката на реакредитацијата треба да започне девет месеци пред истекот на важноста на одобрената квалификација.

# Формат
# на квалификации

- **Како се пишуваат квалификациите?**

Квалификациите се пишуваат преку посебни единици или модули или образовни програми[1].
Единица претставува кохерентен и експлицитен сет на резултати од учење и соодветни критериуми за оценување и има специфичен наслов и ниво. Единиците за квалификации мора да бидат унифицирани.
Модул претставува независна единица на учење која претставува заокружена целина или дел од образовна програма.
Образовна програма претставува збир на образовни компоненти, засновани на резултатите од учење, кои признаваат доделување на конкретна квалификација.

Квалификацијата поседува:

1. Задолжителни единици
2. Изборни единици

Единиците мора да се претставени со неколку прашања:

- *за што е таа единица;*
- *за кого е таа единица,*
- *како таа единица се поврзува со другите единици;*
- *како се вклопува во структурата на квалификацијата;*
- *колку трае и колку кредити носи*

Единицата се состои од:

1. наслов
2. содржина
3. услови за влез
4. времетраење и кредити
5. тип на квалификацијата
6. резултати од учење и
7. оценување

1. **Наслов на единицата**

Насловот на единицата треба:

- да е јасен и разбирлив (за ученици, наставници, работодавачи, обучувачи);
- да ја истакнува содржината на единицата (да се однесува на процесот, а не на знаењето);
- јасно да покажува што содржи единицата;
- да има значење и да не упатува на друга информација надвор од единицата;
- да е резиме на постигнувањата и резултатите од учењето и
- да биде активна фраза.

[1] Поимот образовна програма се однесува на образовна програма за основно, гимназиско и стручно образование и студиска програма за високо образование.

2. **Содржина на единицата**

Содржината на единицата зависи од стандардот на занимањето и потребно е да содејствува со потребите на пазарот на труд. Ја одредува широчината на знаењето и разбирањето и вештините потребни за реализација на програмата за учење со цел да се постигне секој зададен резултат. Исто така треба да биде јасна и разбирлива за сите.

3. **Ниво**

Ниво е серија на последователни чекори на учење, изразени во однос на низа општи резултати, структурирани според збир на описи кои се мерливи показатели за резултатите од учење и се однесуваат на стекнатите знаења, вештини и компетенции.

3.1 **Ниво на постигањата**

Ниво е:

- показател што се бара од учесникот во процесот на учење;
- комплексноста и/или висината на постигнатото и
- самостојноста на учесникот во прикажувањето на достигнувањето.

Индикаторите за секое ниво се групирани во три категории:

1. знаење и разбирање
2. вештина (примена и делување)
3. компетенции (самостојност и одговорност)

4. **Влез за стекнување на квалификација**

Пропишани услови кои треба да се исполнат за да се обезбеди влез за стекнување на одредена квалификација.

5. **Тип на квалификација**

Потребно е да се наведе за каков тип на квалификација станува збор:
- квалификација на ниво на образование (образовно ниво) и
- стручни квалификации.

6. **Часови за учење**

Секоја квалификација има времетраење на стекнување и број на кредити.

Часови за учење е:

- времето кое учесникот во процесот на учење треба да го помине со наставникот/ обучувачот и
- времето кое се очекува да го помине во индивидуално учење.

Секоја образовна програма, модул, наставен предмет или друга единица на учење има дододено определен број кредити. Со кредитот се мери оптоварувањето на кандидатот кој учи со оглед на времето кое е потребно за стекнување на една квалификација, односно за остварување на резултатите на учење во процесот на учење на дадено ниво.
Просечното вкупно потрошено време за стекнување на определена квалификација се искажува во ЕКТС[2] за кредитите во високото образование, ЕЦВЕТ[3] за кредитите во стручното образование и обука и МКСОО[4] за кредитите во основното образование, гимназиското образование и општообразовните предмети во стручното образование и обука.

---

[2] ЕКТС - Европски кредит трансфер систем и акумулирање
[3] ЕЦВЕТ - Европскиот кредит трансфер систем за стручно образование и обука
[4] МКСОО - Македонски кредит систем за општо образование

Еден ЕКТС кредит опфаќа 30 работни часа во траење од по 60 минути потребни за стекнување на одредени резултати од учењето.
Еден ЕЦВЕТ кредит опфаќа 25 работни часа во траење од по 45 минути потребни за стекнување на одредени резултати од учењето.
Еден МСОО кредит опфаќа 25 работни часа во траење од по 45 минути потребни за стекнување на одредени резултати од учењето.

7. **Резултати од учењето**

Резултатите од учење се изјави за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формалниот, неформалниот или информалниот процес на учење. Се дефинираат во смисла на знаења, вештини и компетенции (самостојност и одговорност).
Резултатите од учење треба:
- да се широки искази кои го опишуваат резултатот од научниот процес;
- да се знае што се очекува од ученикот да знае, и/или да разбира и/или да може да направи;
- јасно да покажуваат што се очекува ученикот да постигне, а не научниот процес или научните активности. При пишување на резултатите од учење треба да се вимава како се поставуваат на прашањета и задачите.
- да се пишуваат во трето лице и во идно време;
- да се пишуваа најмногу 4 резултати од учење;
- да се остварливи и да можат да се оценуваат и
- да имаат критериуми поврзани со нивото што треба да се постигне.

8. **Оценување**

Оценување е процес на вреднување на знаењето, вештините и компетенциите според претходно дефинирани критериуми и резултати на учење, кое вклучува писмени, усни и практични тестови, испити, проекти и портфолио.
Оценувањето мора:
- да се набљудува;
- да биде мерливо;
- да обезбедува квалитетни информации;
- да се води од описите на нивоата;
- да користи соодветен јазик за нивото што се очекува.

8.1 **Критериуми за оценување**

Критериуми за оценување се искази кои:
- ги одредуваат постигнувањата на учесникот во процесот на учење;
- се поврзани со специфичните резултати од учењето;
- се сигурни и доследни за сите и
- не вклучуваат упатување до методи на оценување или спецификации на оценување.

Што е цел на оценувањето?
1. мерење на индивидуалните постигнувања на учесниците во процесот на учење;
2. обезбедување повратна информација;
3. следење и одржување на стандардите;
4. планирање на учењето;
5. обезбедување информации за работодавачите и
6. доделување на квалификација.

8.2 **Принципи за оценување**

1. Валидност - им се овозможува на сите учесници да донесат докази за резултатите што можат да се измерат;
2. сигурност - добиените оценки при услови на оценување се конзистентни кај сите оценувачи и се донесени врз јасно дефинирани стандарди за постигнување;
3. спроведливост и
4. праведност.

# ПРОТОКОЛ ЗА СОРАБОТКА
# ПОМЕЃУ ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ
# ВКЛУЧЕНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА
# НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

**Скопје, 2015 год.**

Протоколот за соработка помеѓу заинтересираните страни вклучени во процесот на Националната рамка на квалификации (во понатамошниот текст: НРК[1]) е основен протокол за соработка во процесот на развивање, одржување и промовирање на НРК.

Овој протокол се однесува на работодавачите од нестопанството и стопанството и следниве институции/организации/асоцијации/здруженија (во понатамошниот текст: заинтересирани страни) вклучени во развивањето, одржувањето и промовирањето на НРК:

1. Министерство за образование и наука;
2. Министерство за труд и социјална политика;
3. Министерство за економија;
4. Центар за стручно образование и обука;
5. Центар за образование на возрасни;
6. Биро за развој на образованието;
7. Државен испитен центар;
8. Државен просветен инспекторат;
9. Одбор за акредитација на високото образование;
10. Универзитети (високообразовни институции);
11. Средни училишта;
12. Националната агенција за европски образовни програми и мобилност;
13. Агенција за вработување на Република Македонија;
14. Стопанска комора на Република Македонија;
15. Сојуз на стопански комори;
16. Стопанска комора на северозападна Македонија;
17. Занаетчиска комора на Република Македонија;
18. Организација на работодавачи;
19. Државен завод за статистика;
20. Синдикати и
21. Други субјекти вклучени во процесот на НРК

## I. НАЧЕЛА НА СОРАБОТКА

Заинтересираните страни вклучени во процесот на НРК се согласни заеднички да соработуваат во исполнување на целите на овој Протокол во согласност со следните начела:

а) еднаквост на сите заинтересираните страни;
б) рамноправно учество, рамнотежа и заемна корист од соработката;
в) максимално и ефективно користење на постоечките организациски, секторски и регионални институции, експертизи и други ресурси за образование, обука и учење

[1] Национална рамка на квалификации (НРК)“ е инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во одредена земја, со кој се дава основа за стекнување на квалификации, проодност и квалитет на квалификациите.

во согласност со законот за НРК, со цел да се постигне долгорочна одржливост на соработката;
г) намалување и елиминација на непотребното и скапо повторување на напорите во развојот и обезбедувањето на образованието и обуката, особено во високото образование и професионалната обука;
д) воспоставување и промоција на центри за извонредност, како главен инструмент за обезбедување ефикасно и ефективно образование, обука и учење, и истражување за развојот на НРК фактори;
ѓ) активно вклучување и учество на сите клучни чинители во образованието, обуката и учењето на ниво на институции/организации/асоцијации/ здруженија вклучени во процесот на НРК, вклучувајќи ги и институциите што спроведуваат програми за образование, обука и учење;
е) заинтересираните страни вклучени во процесот на НРК ќе ги преземат сите можни чекори за да делуваат заедно како заедница при постепено спроведување на усогласување и стандардизација на нивната работа, според овој Протокол. По исклучок, две или повеќе од заинтересираните страни вклучени во процесот на НРК може да напредуваат со поинакво темпо од другите заитересирани страни вклучени во процесот на НРК.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОТОКОЛОТ

Заинтересираните страни вклучени во процесот на НРК се согласни да соработуваат во развивањето, одржувањето и промовирањето на НРК и на образованието, обуката и учењето, согласно овој Протокол, за исполнување на целите:

а) да се развие и имплементира заеднички систем за редовно прибирање на податоци и информации за моменталната состојба на пазарот на труд, идната побарувачка и понуда и за приоритетните области за изведување на образование, обука и учење и нивно споделување од страна на заинтересираните страни вклучени во процесот на НРК;
б) да се воспостават механизми и институционални договори што им овозможуваат на заинтересираните страни вклучени во процесот на НРК да ги комбинираат своите ресурси, за ефективно и ефикасно да создаваат професионален, технички, истражувачки и управувачки кадар што ќе го планира и управува развојниот процес, општо и во сите сектори;
в) да се промовира и координира изготвување и спроведување на политики, стратегии и форми за образование, обука и учење поврзани со НРК;
г) да се развијат и спроведат политики и стратегии што го промовираат учеството и придонесот на приватниот сектор, здруженијата на граѓани и на други клучни чинители во развојот, одржувањето и признавањето на НРК;
д) да се промовира и координира изготвување и спроведување на политики, стратегии и програми за промоција и примена на НРК и
ѓ) да се работи на намалување и отстранување на пречките за подобар и пoслободен пристап на граѓаните до можноста за квалитетно образование, обука и учење.

## III. СОРАБОТКА ВО ПОЛИТИКАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Заинтересираните страни се согласни дека соработката може поефикасно да се олесни и да се прошири преку развивање и формулирање на кохерентна, споредлива, усогласена политика во поглед на:

а) проширување на обезбедувањето и пристапот до образование, обука и учење, вклучувајќи ја и родова еднаквост;

б) зголемување на рамноправниот пристап, подобрување на квалитетот и обезбедување релевантност на образованието, обуката и учењето;

в) рационализање на условите за запишување во институциите за образование, обука и учење;

г) верификација, односно акредитација на наставни /студиски програми, односно посебни програми за образование на возрасни;

д) верификација на институциите кои реализираат наставни /студиски програми, односно посебни програми за образование на возрасни;

ѓ) поттикнување заедничко развивање и изготвување на наставни материјали;

е) верификација на квалификации;

ж) постигнување партнерски пристап за финансирање на образованието, обуката и учењето, помеѓу надлежните органи, корисниците и работодавачите.

з) промовирање академска слобода и создавање на поволно опкружување со соодветен поттик врз основа на постигнувања со цел компетентните лица ефикасно да ги применат и користат своите знаења и вештини во корист на заитересираните страни вклучени во процесот на НРК;

## IV. СОРАБОТКА ВО ТЕХНИЧКОТО И СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

1. Заинтересираните страни вклучени во процесот на НРК се согласни дека техничкото и стручното образование и обука обезбедуваат кадар на соодветно ниво за различни сектори и дејности во економијата и за нејзин ефективен развој.
2. Заинтересираните страни вклучени во процесот на НРК се согласни дека техничкото и стручното образование и обука обезбедуваат знаење, вештини и компетенции кои, исто така, ја засилуваат и поддржуваат примената на професионално и повисоко знаење и вештини. Затоа е важно да се прошират можностите и да се подобрат стандардите за техничко и стручно образование и обука.
3. Заинтересираните страни вклучени во процесот на НРК се согласни дека иако образованието и обуката на техничко и стручно ниво ќе бидат и понатаму, во голем дел, обврска на секоја образовна институција, соработката и заемната помош се пожелни и можни, и ќе се одвиваат, меѓу другото, во следниве области:

- Образование на наставници

а) дизајнирање и развој на наставен план и програми што осигурува високо квалитетно и релевантно образование за наставници;

б) заедничко развивање, обезбедување и размена на материјали за образование на наставници;

в) размена на искуства, идеи и информации за да се прошират знаењата и вештините на изготвувачите на наставни планови и програми, наставниците за наставници и управувачи во образованието;

г) развивање национален систем за оценување и акредитација;

д) заедничко развивање на континуирано образование за наставници за да се подобрат знаењата, педагошките вештини и ефективното управување со училишта;

е) поттикнување и поддршка за создавање на професионални здруженија кои ќе овозможат разменена на ставови, идеи, искуства и искуства во работењето.

- Техничко и стручно образование и обука

а) дизајнирање и развивање наставен план и програми што осигурува квалитет и релевантно стручно образование и обука;

б) заедничко развивање, обезбедување и размена на материјали за стручно техничко и стручно образование и обука;

в) размена на искуства, идеи и информации за да се прошират знаењата на стручните наставници и обучувачи;

г) развивање национален систем за испитување и акредитација;

д) поттикнување и поддршка за создавање на професионални здруженија кои ќе овозможат размена на ставови, идеи и искуства;

ѓ) развој и поддршка на вклучувањето на развојот на претприемништво во стручно образование и обука.

Воспоставување на центри за специјализација за стручно образование и обука, каде што ќе се развиваат и нудат заеднички програми, особено во специјализирани области како што е развој и обезбедување на стручното образование и обука преку методи на учење на далечина. Овие области ќе ги утврдуваат и договораат заитереситраните страни вклучени во процесот на НРК од време на време.

Соработката на заинтересираните страни вклучени во НКР се остварува преку Секторските Комисии и Националниот Одбор со координација на Министерството за образование и наука.